**20230320568**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 31 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма, согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 282/22), согласно раздел 140.01, Потпрограма 60 – Водостопанство, ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, ставка 482 – Други градежни објекти и ставка 485 – Вложувања и нефинансиски средства се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во 2023 година во вкупен износ од 582.510.000,00 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма во износ од 582.510.000,00 денари се распоредуваат за:

| Ред. бр. | Мерка | Износ на средства (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Изградба, реконструкција, експропријација и пренамена на земјиште, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изведбата. | 101.200.000,00 |
| 2 | Изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување. | 22.000.000,00 |
| 3 | Обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2015, 2016 и 2017 година за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица. | 190.341.080,00 |
| 4 | Обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2022 година од страна на Управата за водостопанство, и тоа: „Изработка на геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени“ согласно склучена Рамковна спогодбабр.102-5563/2 од 16.08.2022 година, „Изградба на систем за наводнување Колибари“ согласно склучен Договор бр.102-13227/1 од 15.12.2022 година„„Реконструкција на доводен канал од зафатот на Тајмишка река за наводнување на површини во атарот на населените места Мидинци и Зајас“ согласно склучен | 91.835.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Договор бр.102-7325/3 од 28.09.2022 година и „Изработка на техничка документација за изградба на систем за наводнување Сарај“ согласно склучен Договор бр.102-5783/2 од 15.08.2022 година. | |
| 5 | Обврски по започнати постапки за јавни набавки во 2022 година од страна на Управа за водостопанство за кои сеуште не се склучени договори, и тоа за: „Реконструкција на Пумпна Станица Дебарско Поле“, „Изработка на основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од Хидромелиоративниот систем Равен – Речица“ и „Изработка на урбанистички проект за брана Слупчанска река со придружни објекти“. | 95.600.000,00 |
| 6 | Набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје. | 8.368.671,00 |
| 7 | Обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2022 година за набавка на механизација на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно склучен Договор бр.0507-2119/16 од 29.11.2022 година и набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје согласно склучен Договор бр.05-1949/7 од 15.11.2022 година. | 11.331.329,00 |
| 8 | Обврски по започнати постапки за јавни набавки во 2022 година од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за рехабилитација и модернизација на пумпна станица Марена и за надзор над рехабилитација и модернизација на пумпна станица Марена за кои сеуште не се склучени договори. | 61.833.920,00 |
| | **Вкупен износ на средства (во денари)** | **582.510.000,00** |

III

Реализацијата на средствата од дел II мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма во износ од 500.976.080,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство, и тоа за:

- изградба, реконструкција, експропријација и пренамена на земјиште, набавка и одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување и надзор над изведбата предвидени се средства во износ од 101.200.000,00 денари,

- изготвување елаборати, студии и техничка документација за реконструкција и рехабилитација на инфраструктурата во системите за наводнување и одводнување предвидени се средства во износ од 22.000.000,00 денари,

- обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2015, 2016 и 2017 година за изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица и обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица предвидени се средства во износ од 190.341.080,00 денари,

- обврски по започнати и недовршени работи за склучени договори во 2022 година предвидени се средства во износ од 91.835.000,00 денари, и тоа за „Изработка на геодетски елаборати за геодетски работи за посебни намени“ согласно склучена Рамковна спогодбабр.102-5563/2 од 16.08.2022 година, „Изградба на систем за наводнување Колибари“ согласно склучен Договорбр.102-13227/1 од 15.12.2022 година, „Реконструкција на доводен канал од зафатот на Тајмишка река за наводнување на површини во атарот на населените места Мидинци и Зајас“ согласно склучен Договор бр.102-7325/3 од 28.09.2022 година и „Изработка на техничка документација за изградба на систем за наводнување Сарај“ согласно склучен Договор бр.102-5783/2 од 15.08.2022 година, и

- обврски по започнати постапки за јавни набавки во 2022 година за кои сеуште не се склучени договори предвидени се средства во износ од 95.600.000,00 денари, и тоа за: „Реконструкција на Пумпна Станица Дебарско Поле“, „Изработка на основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од Хидромелиоративниот систем Равен – Речица“ и „Изработка на урбанистички проект за брана Слупчанска река со придружни објекти“.

IV

Реализацијата на средствата од дел II мерка 6 од оваа програма во износ од 8.368.671,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

V

Реализацијата на средствата од дел II мерка 7 од оваа програма во износ од 11.331.329,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за обврски по започнати и недовршени работи согласно склучени договори во 2022 година за:

- набавка на механизација согласно склучен Договор бр.0507-2119/16 од 29.11.2022 година средства во износ од 10.700.000,00 денари и

- набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување согласно склучен Договор бр.05-1949/7 од 15.11.2022 година во износ од 631.329,00 денари.

VI

Реализацијата на средствата од дел II мерка 8 од оваа програма во износ од 61.833.920,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за обврски по започнати постапки за јавни набавки во 2022 година, за кои сеуште не се склучени договори:

- рехабилитација и модернизација на пумпна станица Марена средства во износ од 60.333.920,00 денари и

- надзор над рехабилитација и модернизација на пумпна станица Марена средства во износ од 1.500.000,00 денари.

VII

За реализација на средствата од мерките 1,2 и 6 утврдени во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки.

VIII

Плаќањето на средствата за реализација на мерките од дел IIод оваа програма ќе се врши врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кон кое ќе биде доставена документазција од различни ситуации со фактури за прикажаните извршени работи или услуги потврдени од страна на надзорниот орган или ревидентот, или склучени спогодби и судски одлуки за висина на надоместок за експропријација и договори за надомест на штета за пренамена на земјиште.

IX

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1370/5
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.